**Покана за учество на меѓународна конференција од областа на регулативата во електронскиот комуникациски сектор**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ
СКОПЈЕ
Број 1003-1355/2
23.04.2019 година

**Почитувани,**

Ми претставува големо задоволство да Ве поканам на меѓународната конференција од областа на регулативата во електронскиот комуникациски сектор која ќе се одржи во Охрид, на 21 и 22 мај 2019 година, и која ќе биде организирана од Агенцијата за електронски комуникации.

Преку инспиративниот наслов на конференцијата "ПОВЕЌЕ ПОВРЗАНИ ЗА ПОДОБАР ЖИВОТ", се надеваме дека ќе го привлечеме Вашето внимание за најрелевантните теми, како:

- придобивките за крајните корисници, предизвиците, финансиското влијание врз бизнис плановите на операторите, политиката за фер употреба и други теми кои произлегуваат од неодамна потпишаниот Договор за намалување на цените на роаминг услугите во Западен Балкан;
- регулаторни и операторски перспективи при имплементација на новите технологии;
- политики за распределба на фрекфенциски опсези за брз мобилен широкопојасен пристап до интернет;
- алатки за ефикасна регулација и
- дали регулаторното опкружување овозможува воведување на дигитални услуги на операторите до крајните корисници.

На конференцијата се поканети познати учесници во пазарот за електронски комуникации, вклучително: владини претставници, претставници на регулаторни тела, претставници на Европската унија и ITU, оператори, претставници на академски институции, граѓански здруженија...

Оваа конференција, која се одржува седум години по ред, ќе се организира како дводневен настан и ќе се одржи во хотелот "Метропол" во Охрид.

Искрено верувам дека оваа конференција ќе обезбеди одлична платформа за дијалог меѓу сите засегнати страни и одлична основа за размена на мислења, знаења и искуства на темите од областа на регулативата во електронските комуникации.

Ве молиме потврдете го вашето учество и искажете го вашиот интерес за презентација со испраќање на електронска пошта на irc2019@aec.mk, најдоцна до 10 мај 2019 година.

Се надевам дека ќе бидете во можност да учествувате и да дадете придонес на оваа заедничка конференција од областа на регулативата во електронскиот комуникациски сектор .

Во очекување да се видиме во Охрид,

**Директор**

**Сашо Димитријоски**

www.aek.mk

21, Кау Dimitar Vlahov"
1000 Skopje

tel.: ++389 2 32 89 200
fax: ++389 2 32 24 611
e-mail: contact@aec.mk